Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и тринаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и тринаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Јованова Поповска државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Наумче Мојсовски, директор на Агенцијата за млади и спорт.

Од седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година

3. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

4. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација во врска со барањата за пренос на удел во Друштвото за производство и промет ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје и во Друштвото за производство и промет ПЦЦ Хидро ДООЕЛ Скопје и статус на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локација бр.407 Пена, со предлог-одлуки

8. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година (усогласена со Секретаријат за законодавство).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на

Министерството за транспорт и врски за 2022 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година

**Точка 5**

Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, да го избере Филип Нечевски.

**Точка 6**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањата за пренос на удел во Друштвото за производство и промет ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје и во Друштвото за производство и промет ПЦЦ Хидро ДООЕЛ Скопје и статус на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локација бр.407 Пена, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот ПЦЦ Реневаблес ГМБХ, Германија (PCC Renewables GMBH, Germanija) на ПЦЦ СЕ, Германија (PCC SE, Germanija) во концесионерот ПЦЦ Хидро ДООЕЛ, Скопје (Брајчино), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот ПЦЦ Реневаблес ГМБХ, Германија (PCC Renewables GMBH, Germanija) на ПЦЦ СЕ, Германија (PCC SE, Germanija) во концесионерот ПЦЦ Хидро ДООЕЛ, Скопје (Галичка река), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

3. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот ПЦЦ Реневаблес ГМБХ, Германија (PCC Renewables GMBH, Germanija) на ПЦЦ СЕ, Германија (PCC SE, Germanija) во концесионерот ПЦЦ Хидро ДООЕЛ, Скопје (Градечка река), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

4. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот ПЦЦ Реневаблес ГМБХ, Германија (PCC Renewables GMBH, Germanija) на ПЦЦ СЕ, Германија (PCC SE, Germanija) во концесионерот ПЦЦ Хидро ДООЕЛ, Скопје (Патишка река), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

5. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот ПЦЦ Реневаблес ГМБХ, Германија (PCC Renewables GMBH, Germanija) на ПЦЦ СЕ, Германија (PCC SE, Germanija) во концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ, Скопје (Крива река), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

6. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 28.3.2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

7. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 Пена ќе се продолжи, најмалку до 28.4.2023 година.

8. Се укажува на Општина Тетово, во рок од 30 дена, да склучи договор со Друштвото ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и да донесе решение за засновање на право на стварна служебност на Друштвото ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по поднесувањето на барањата од Друштвото ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ, во рок од 30 дена да издаде Одобрение за употреба за МХЕЦ бр. 407 Пена.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:35 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | dr. Artan Grubi |